**20252705262**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25 и 132/25) и член 37 став 5 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 декември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЗА 2026 ГОДИНА

### I.Вовед

Со оваа програма се уредува користењето на средства за заштитата на децата како систем на организирани мерки и активности на државата за грижа и заштита на децата согласно со Законот за заштита на децата и подзаконските акти.

Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува со оваа програма која е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Остварувањето на оваа програма е во согласност со утврдените програми со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, како и врз основа на одредбите во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во делот на надоместоците за детска заштита.

### II. Цели и приоритети на развојот на заштитата на децата

Основна цел на дејноста заштита на децата и во текот на 2026 година е обезбедување на услови за оптимален опфат на децата во системот на правата за заштита на децата, како и на зголемен опфат на децата со згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, целосно и рационално искористување на просторните, кадровските и другите ресурси, како и на создадените услови за други форми на згрижување и воспитание на популацијата деца до шест години возраст.

Активностите во насока на подобрување на заштитата на децата во 2026 година ќе бидат насочени кон остварување на следните основни задачи:

- заокружувањето на процесот на децентрализацијата во дејноста заштита на децата ќе продолжи преку соработка со органите на единиците на локалната самоуправа, односно со продолжување на давањето поддршка за основање на општински детски градинки со цел самостојно функционирање на објектите на јавните установи за деца кои се лоцирани на нивната општина, како и основање на нови јавни установи за деца со помал капацитет и усогласен со потребите на општината, давање поддршка на општините и општините во градот Скопје во создавањето и обезбедувањето на нови или дополнителни просторни услови – детски градинки/центри за ран детски развој за давање услуги згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, давање на препораки и насоки и воспоставување на партнерски однос во реализирање на развојот на дејноста;

- плурализација во дејноста преку функционирање на приватниот сектор со основање на нови приватни установи за деца, како и во рамките на со закон создадените услови за давање можност и на други физички и правни лица да вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст како професионална дејност со посебен акцент на: функционирањето на вршењето на одредени работи од дејноста на физички лица во давањето услуги чување и нега на деца од предучилишна возраст (до пет деца) од страна на физичко лице ангажирано од страна на родител, (со склучување на договори за начинот на вршењето на услугата); функционирање на агенции основани од домашни физички и правни лица за давање услуги на повик за чување и нега на деца од предучилишна возраст, од страна на ангажирани квалификувани и лиценцирани лица,

- изградба на нови објекти, доградба, реконструкција и одржување на објектите во дејноста на заштитата на децата, со приоритетно, целосно и рационално искористување на сите кадровски, просторни и други ресурси, како и развој на разни видови програми за дејноста со различно траење и цена на чинење;

- обезбедување на поквалитетни услуги во јавните детски градинки со воведување на други програмски активности, од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, рекреативни и слободни активности и спорт, според нови програми;

- унапредување на инклузивната пракса во установите за деца (детски градинки) преку формирање на мултидисциплинарни/инклузивни тимови во советувалиштата за родители и деца во јавните установи за деца;

- подобрување на квалитетот на раното учење и развој во установите за згрижување и воспитание на деца - во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, ќе продолжи имплементирањето на програмата за подобрување на квалитетот на раното учење и развој во установите за згрижување и воспитание на деца;

- продолжување на отпочнатите активности преку ИПА – 2017- Подигнување на квалитетот на предучилишното воспитание, образование и грижа (‘’ Raising the quality of pre-school education and care”) каде главна цел на проектот е подобрување и подигнување на квалитетот на предучилишното воспитание и образование.

- подобрување на системот на вработување, како и унапредување на постапката за обновување и продолжување на лиценците за работа во дејноста згрижување и воспитание на деца;

- подигање на материјалниот стандард на стручниот и друг кадар и на директорите во јавните установи за деца преку системот на плати, унапредување и кариерен развој;

- продолжување на отпочнатите активности за електронско поврзување на јавните установи за деца со Министерството за социјална политика, демографија и млади во делот на водење на педагошката евиденција и документација и реализација на програмските активности, како и ќе се отпочне со активности за давање можност за електронско аплицирање за запишување на децата од предучилишна возраст во јавните установи за деца;

- имплементирање на унапредени социјални услуги со финансиска поддршка, кредит од Меѓународна банка за обнова и развој - Светка банка, кој проект има за цел да го подобри пристапот до услуги за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и пристапот до социјалните надоместоци и услуги. Преку компонентата за проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на предучилишните услуги ќе се зголеми пристапот до квалитетни предучилишни услуги за децата од три до шест години низ целата земја, со посебен акцент на децата од ранливите групи и децата со попреченост. Проектот ќе вклучува и проширување на капацитетите за предучилишно воспитание и образование преку изградба на нови објекти, пренамена или надградба на постоечката

инфраструктура за предучилишни програми. Исто така, ќе се имплементираат активности за зголемување на квалитетот на услугите за установите за деца-детски градинки/центри за ран детски развој преку унапредување на програмите, обуки на кадарот и др.

- обезбедување на редовна и навремена исплата на утврдени парични права за децата со Законот за заштита на децата.

## 1. Права за заштита на децата

Правата за заштита на децата како парични надоместоци, под услови утврдени со Законот за заштита на децата ги обезбедува државата со средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Поголем обем на права од определените права од Законот за заштита на децата може да обезбеди општината, општините во градот Скопје и градот Скопје доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.

Паричните надоместоци согласно Законот за заштита на децата се остваруваат како право на: детски додаток, додаток за образование, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и на родителски додаток за дете согласно Законот за заштита на децата се остваруваат како права за заштита на децата и истите имаат за цел преку обезбедувањето на материјална помош на родителите да им помогнат за издржување, подигање, грижа и заштита на детето.

Во рамките на средствата утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, се предвидува парични примања на деца да користат во просек повеќе од 100.000 деца, како придонес во остварувањето на примарната одговорност на родителите во обезбедувањето на услови за живот, потребен за развој на детето, односно животен стандард што одговора на неговиот физички, ментален, душевен, морален и социјален развој.

## 2. Облици на заштита на децата

Згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст - како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години возраст, односно до вклучување во основното образование и се обезбедува и остварува во детска градинка.

Дејноста се остварува и во центри за ран детски развој, кои спроведуваат програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште.

Одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца, можат да вршат и правни и физички лица.

Дејноста на детските градинки ќе се остварува преку организирање и спроведување на програми, кои според времетраењето на Програмата, се програми за: целодневен престој, полудневен престој, скратени програми, пилот програми, програма за продолжен престој, вонинституционални форми на активности со деца, а во центрите за ран детски развој според времетраењето ќе се организираат и спроведуваат скратени програми за деца од три до шест години во траење од три часа дневно, со флексибилно работно време според потребите на родителите и заедницата.

Во состав на јавните детски градинки/јавни центри за ран детски развој ќе се формираат советувалишта за деца и родители, во функција на социјализација на децата и рано откривање на пречки и проблеми во раниот детски развој, како и пружање помош на родителите.

## 2.1. Мрежа на установи за децата

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст на почетокот на 2026 година ќе се остварува во вкупно 83 јавни установи за деца - детски градинки распоредени во 69 општини. Покрај тоа во 25 општини ќе функционираат 47 групи за згрижување на деца во други просторни услови и тоа: во состав на детската градинка „23 Август“-Берово во с. Смојмирово (општина Берово), во состав на детската градинка „7 Септември”-Пехчево, во селата Робово, Умлена, Чифлик, Црник и Панчарево; во состав на детската градинка „Естреја Овадија Мара”–Битола во селата Бистрица, Кукуречани и Долно Оризари; во состав на детската градинка „Калинка”- Валандово во Пирава; во состав на детската градинка „Гоце Делчев“ –Виница во с.Блатец, во с. Трсино; во состав на детска градинка „Брешиа“-Дебар во с. Могорче и с. Скудриње (општина Маврово – Ростуше); во состав на детската градинка „Рада Поцева”-Кавадарци, с.Марена, с.Возарци и с.Дреново; во состав на детска градинка „Олга Мицевска“- Кичево во с. Пласница; во состав на детска градинка „Павлина Велјанова“-Кочани во с. Бели; во состав на детска градинка „Детелинка“ –Крива Паланка во с. Ранковце (општина Ранковце); во состав на детска градинка „Ангел Шајче“–Куманово во с. Младо Нагоричане (општина Старо Нагоричане); во состав на детска градинка „Фемо Кулаков“ Неготино во с.Криволак, с. Тремник и с.Пепелиште; во состав на детска градинка „Јасна Ристеска “-Охрид во с. Велгошти, с.Лескоец, с. Пештани и во населба Радојца Новачиќ; во состав на детската градинка „Наша Иднина“ Прилеп во с.Тополчани, с. Беровци, с. Канатларци и с. Големо Коњари; во состав на детската градинка „Ацо Караманов”- Радовиш во с. Воиславци, с Калуѓерица. с. Ињево и с. Ораовица; во состав на детската градинка „11 Септември“ - Ресен во с.Јанковец; во состав на детска градинка „Рахилка Гонева“ – Свети Николе во ООУ „Кирил и Методиј“; во состав на детска градинка „Детска радост”-Струмица во с. Мууртино; во состав на детската градинка „Младост”- Тетово во с.Нераште (општина Теарце) и во с.Боговиње (општина Боговиње); во состав на детска градинка „Димче Мирчев“- Велес во с.Градско (општина Градско); во состав на детската градинка „Вера Цирирвири Трена“- Штип во с.н.м Три Чешки; во состав на детската градинка „8 Март”- Кисела Вода во с. Зелениково (општина Зелениково); во состав на детска градинка „Борис Трајковски’’- Демир Капија во с.Бистренци; во состав на детска градинка „Праскичка“– Росоман и Јегуновце во состав на детска градинка „Јаболчиња” во с.Вратница.

Во рамките на 14 јавни општински установи за деца има 38 центри за ран детски развој и тоа; во состав на ЈОУДГ „23 Август Берово” во с.Двориште; во состав на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола во с. Горно Оризаре, с. Карамани и с. Логоварди; во состав на ЈОУДГ „Мајски цвет“- Битола во просториите на ООУ „Ѓорги Сугарев“ и Урбана заедница „Таки Даскало“; во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев“ – Виница во с. Лески; во состав на ЈОУДГ „Детска радост”–Гостивар во с. Дебреше, н. Циглана, с. Равен и с. Форино; во состав на ЈОУДГ„Павлина Велјанова“-Кочани во с. Тркање; во состав на ЈОУДГ „Гонџа Туфа“-Крушево во н.м Буџим; во состав на ЈОУДГ „Анѓел Шајче“- Куманово во ООУ „11 Октомври“ и во ООУ „Х.Т.Карпош“; во состав на ЈОУДГ „Наша Иднина“-Прилеп во с.Десово, (општина Долнени) и во н.м. Тризла; во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев“- Пробиштип во с. Ратовица; во состав на ЈОУДГ „Ацо Караманов”- Радовиш во с.Јергулица, с.Злеово, с.Шеин Мале, с.Подареш, и во Зравец с.Покрајчево; во состав на ЈОУДГ „Младост“–Тетово во с. Фалиште, с. Селце, Голема Речица, н.м. Поток ,н.м. Теќе во ООУ „Кирил и Методиј , с. Шипковица, с. Бродец , с. Гајре, с. Лисец и ООУ Братство Миѓени“; во состав на ЈОУДГ „Вера Циривири Трена“ – Штип н.м Бабите; во состав на ЈОУДГ „Астибо“- Штип н.м Радански пат; во состав на ЈОУДГ „Буба Мара” Аеродром - Скопје во с.Д.Лисиче; во состав на ЈОУДГ „Веселото Штркче“ -Кривогаштани во с.Бела Црква.

Во текот на 2026 година, како резултат на исполнетите услови со Законот за заштита на децата и со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца, ќе се зголеми бројот на јавни детски градинки.

Згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст на почетокот во 2026 година ќе се остварува во 33 приватни установи за деца-детски градинки, во една приватна установа за деца-центри за ран детски развој и шест детски градинки организирани како организациони единици од кои две во состав на правни лица и четири во рамки на приватни училишта кои имаат својство на правни лица.

Трендот на зголемување на опфатот на децата ќе продолжи и во 2026 година со адаптација од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади на други просторни услови (основни училишта и други просторни услови) во детски градинки во рурални средини, формирање на групи на деца во други просторни услови кои би функционирале во состав на постојните општински јавни установи – детски градинки.

Во 2026 година максималното подобрување и приближување на квалитетот на згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст ќе биде и преку зголемен опфат на децата, а особено со акцент на децата од три до шест години од руралните средини со отворање на групи во други просторни услови и на центри за ран детски развој (како јавни установи за деца или како објекти во состав на јавните општински детски градинки).

Со цел за поцелосно искористување на капацитетите во јавните детски градинки, ќе се продолжи со обезбедувањето престој и исхрана и за деца од над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.

Согледувајќи го значењето на раниот детски развој на децата особено за децата од ранливите групи на населението, во рамки на Стратегијата на Ромите и во 2026 година, ќе продолжи да се имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во јавните предучилишни установи.

Во рамки на ИПА проектот и поддршка на РЕФ (Ромски едукативен фонд) планирано е во 2026 година да се вклучат уште 87 - деца во општините, Тетово, Дебар и Штип.

Со реализација на овие проекти во предучилишните установи ќе бидат вклучени околу 417 деца од ромска етничка припадност. Во иднина се планира да се продолжи со вклучување на деца Роми во предучилишно образование.

Во рамки на мултикултурализмот и почит кон различностите и во 2026 година, во јавните установи за деца – детски градинки од општини со различен етнички состав ќе продолжат да се реализираат активностите за почитување на разликите и градењето на мир, директна работа со децата и родителите, пилотирање на прирачници и слично во правец на истакнување на важноста на мултикултурализмот преку градење култура на мир и почитување на различностите низ инклузивен процес за ран детски развој.

## 2.2. Вработени во јавните установи за деца - детски градинки

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ќе ја вршат даватели на јавни услуги, административни службеници и помошно-технички лица.

Во 2026 година се очекува статусната структура на вработените во детските градинки да се подобри и ќе се продолжи со решавање на недостатокот на кадарот неопходен за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во установите за деца како и со зајакнување на стручните служби со соодветен стручен кадар, а се со цел подигање на квалитетот на услугите. Оваа определба треба да биде во контекст на имплементацијата на политиката на Владата на Република Северна Македонија за преземање на дополнителни мерки и активности за поголема грижа и заштита за најмладата популација, како и определбата за зголемен опфат на деца .

Во функција на подигнување на квалитетот на услугите, ќе продолжи да се врши лиценцирање на стручниот кадар и на раководниот кадар, а ќе се организираат и обуки за вработените за прашања кои се во функција на поквалитетна заштита на децата.

Воспоставувањето на професионалниот развој ќе се заснова на професионални компетенции за сите вработени. Дефинирањето на компетенциите ќе се одвива во две фази. Првата фаза е изработка на компетенции за воспитувачи кој се изработија во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје. Втората фаза ќе подразбира дефинирање на компетенциите за: директори, негуватели, стручни работници, и стручни соработници. Овие активности се реализираат во рамки на ИПА 2017.

### 2.3. Изградба, опремување и одржување на објектите за заштита на децата

Проширувањето на мрежата на јавните установи за деца - детски градинки во 2026 година ќе се реализира согласно со Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита.

Се предвидува акцент да се стави на руралните населби, но и во општини каде капацитетите се под потребите на родителите и децата за овој вид на заштита во функција на поцелосен опфат на оваа популација деца од предучилишна возраст, со посебен акцент на опфатот на генерацијата деца од пет до шест години возраст.

Проширувањето на мрежата на јавните детски градинки ќе се поддржи од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади со процесот на преадаптација на слободни простории во детски градинки во рурални средини и групи/објекти во други просторни услови.

Со цел понатамошно унапредување, подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години возраст и во 2026 година ќе се инвестира во изградбата на детски градинки и адаптација и реконструкција на постоечки објекти во детските градинки. Во рамки на расположливите материјални можности во дел од постојните детски градинки ќе се интервенира со проширување на капацитетите преку доградба и адаптација на просторот.

Одржувањето на објектите ќе се остварува во рамки на расположливите средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година со приоритетно извршување на неопходните работи заради обезбедување на нормално и безбедно функционирање и вршење на дејноста (замена на кровови, поправки на водовод, канализација и санитарни чворови, замена на дотраена дрвена столарија и термо техничка инсталација, подобрување на условите за деца со попреченост.

Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Светска Банка ќе продолжи да го реализира проектот за изградба – реконструкција на објекти наменети за зголемување на опфатот на деца од предучилишна возраст.

### 3. Одмор и рекреација на децата

Реализацијата на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток од учебната 2025/2026 година ќе се организира во детски одморалишта/туристички објекти шест односно седум дневен одмор на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и слично.

### 4. Други облици на заштита на децата

Во рамките на системот на заштитата на децата ќе се спроведуваат и други програмски активности со кој се унапредува дејноста, меѓу кои се:

- спроведување на проекти за деца со пречки во телесниот и интелектуалниот развој;
- спроведување на проекти, програми и едукација на стручниот и друг кадар;
- програмски активности за оспособување на згрижувачко-воспитниот, воспитно-образовниот и друг кадар со најновите современи сознанија во работите кои ги вршат овие вработени и согласно закон (професионален развој на кадрите) и
- програмски активности на соработка за унапредување на исхраната на децата, хигиено-техничките и здравствени услуги, дидактички материјал.

## III. Финансирање на заштитата на децата

Средствата за остварување на оваа програма во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, на Раздел 150.01, предвидени се следните буџетски потпрограми:

1. Потпрограма 30 - Установи за детска заштита.

Во 2026 година во Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2026 година се предвидени буџетски средства во износ од 6.050.000,00 денари, од основен буџет и средства од самофинансирачки активности во износ од 8.279.000,00 денари.

2. Потпрограмата 3А - Изградба, опремување и одржување на објектите за детска заштита. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година на оваа потпрограма се планирани 79.485.000,00 денари.

3. Потпрограмата А2 - Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа.

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година на оваа ставка за пренесување на надлежности на единиците на локаната самоуправа се планирани 3.653.280.000,00 денари од кои 3.569.066.474,00 денари се наменети за блок дотации за детска заштита.

4. Програма 50 – Надоместоци за социјална заштита.

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година на програма 50 ставка 464 се предвидени вкупно 15.000.000.00 денари за реализација на проектот за користење услуги за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток.

5. Потпрограма 52 - Надоместоци за детска заштита.

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година за оваа потпрограма се планирани вкупно 3.325.329.000,00 денари средства од основен буџет наменети за исплата на утврдените парични права со Законот за заштита на децата (детски додаток, додаток за образование, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете).

6. Потпрограма АА - Инфраструктурни проекти во општините. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година на оваа потпрограма се планирани средства во висина од 175.951.000,00 денари.

Распределбата на финансиските средства наменети за заштита на децата е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, со напомена дека во 2026 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на остварени права согласно Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2025 година.

## IV. Мерки и активности за развој на заштитата на децата

За остварување на основните цели и задачи утврдени во оваа програма ќе се преземат следните мерки и активности:

1. Имплементирање на реформираниот систем на правата за заштита на децата со зголемување на ефективноста на паричните давања од заштитата на децата врз намалувањето пред се на детската сиромаштија, како и имплементирање на доградениот систем на заштита на децата, особено во делот за организацијата и начинот на обезбедување на услови за заштита на децата, како дејност од јавен интерес во современи услови и со признавање на плурални односи во вршењето на дејноста; доследно респектирање на правата на децата, на обврските на родителите и на локалната и државната власт во однос на семејството и на заштитата на децата; заштитата на децата како организирана дејност заснована на правата на децата да се остварува преку грижа и заштита на децата, нивниот ран развој и запознавање со современи концепти на подигање на нивото и квалитетот на развој и на можностите и условите кои им се обезбедуваат на децата; зајакнување на стручните тимови; формирање на советувалишта за деца и родители; професионално усовршување на кадарот; дефинирање на улогата на стручниот и раководниот кадар со воведување и јакнење на професионалните компетенции; лиценцирање; зајакнување на контролните механизми во државата и општината за спречување на секакви злоупотреби на деца и институционално јакнење на инспекциите, стручниот надзор и контрола; поврзување на заштитата на децата во информатички систем кој би продуцирал дневни извештаи за бројната состојба и за потребите на децата, како и други податоци преку кои би се реализирале целите во овој домен во установите и другите облици на заштита на децата; создавање на пазарни можности и поттикнување на повеќе учесници да се јавуваат во обезбедување на услуги за децата.

2. Соработка со општините и општините во градот Скопје при имплементацијата на процесот за децентрализација, а со општините во кои не се изградени објекти - детски градинки, ќе продолжи да се дава поддршка за остварување за организирано згрижување и воспитание на деца во други просторни услови, давање поддршка на општините и општините во градот Скопје во создавањето и обезбедувањето на нови или дополнителни просторни услови – детски градинки за давање услуги згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

3. Вклучување на поголем број на деца од популацијата деца до шест години возраст со изградба на нови детски градинки, како и проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки, како и на други објекти и просторни услови.

4. Доближување на детските градинки до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини.

5. Поттикнување и давање поддршка на општините и приватниот сектор (правни и физички лица) за изградба на нови капацитети како и за реконструкција и адаптација на постојните капацитети.

6. Вклучување во системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на центрите за ран детски развој со формирање на центри за ран детски развој во склоп на детските градинки и основање на центри за ран детски развој со што им се овозможува на родителите од општините во кои нема капацитети за згрижување на децата, како и во руралните средини децата од три до шест годишна возраст да бидат опфатени со оваа форма на згрижување и воспитание на деца, со цел зголемување на опфатот на оваа популација деца.

7. Реализација на програма за шест, односно седум дневен одмор на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток во периодот на зимскиот и летниот распуст од учебната 2025/2026 година).

8. Спроведување кампања за подобрување на ставот на родителите кон предучилишното воспитание и сфаќање на неговото значење за развојот на децата од оваа возраст.

9. Реализација на програми во јавните детски градинки со цел обезбедување на поквалитетни програмски активности, од областа на културата, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, традиционални игри, основни животни навики, запознавање со занимања, рекреативни и слободни активности и спорт.

10. По целосно искористување на расположливите капацитети со промовирање на скратени програми за децата од недоволно развиени подрачја и региони, со што ќе се реализира принципот на достапност и правичност на јавната услуга. Доколку родителите искажат потреба за згрижување на децата во втора смена и во сабота, Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе продолжи со давањето поддршка на единиците на локалната самоуправа.

11. Надзор, спроведување и следење на остварувањето на Законот за заштита на децата, како и мониторинг и евалуација на преземените активности.

12. Обезбедување на редовна исплата на паричните примања на децата.

## V. Влегување во сила

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 50-11834/7
30 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.